Коренот на македонската вера води потекло од камениот период на македонскиот народ најмалку од пред 500.000 г. Тоа е верата во Големата Мајка, Марија, Мадона-господарка, Богородица, Македониа, денес нарекувана Земја, (погрден збор за една БОЖИЦА Македониа, рај во вселената). Таа е родилка на Богот Сонце, родилка на вкупната жива природа на Планетата Македониа наречена ИС-Зет во кој се наоѓа и синот божји Македон. Вера во единствениот БОГ Татко Сонце ИЛИ, ИЛ, Илија, кој осветлува, просветлува, оплодува. И македонската вера во синот божји, по татко наречен ИЛИОН, а по мајка е наречен МАКЕДОН. Македон е единствениот син, ЗЕТ, кој го пренесува божјото знаење и на другите народи и племенски заедници на Планетата МАКЕДОНИА. Македонската вера се нарекува ПРАВО-СЛАВНА. Право-славна е поради правата и најкусата линија од врвовите на планините, кога синот Зет – Македон ќе биде во контакт со бог Сонце. На тој начин богот Сонце го пренесува вкупното знаење на Македонците, кое ќе го употребат за создавање РАЈ на Планетата Македониа. Тоа знаење ќе го употребат и за СЛАВА на единствениот Бог Татко Сонце и Мајката Планета Македониа. Воедно Македон, како син божји ќе биде Господ на Планетата Македониа, господар и господин-гостин во рајот Македониа. Македонската вера е вера на реинкарнација, на материјалната и духовната енергија и тоа со пренос од сонцето кон Планетата Македониа и обратно.

Во камениот период од пред 500.000 г. и многу пред тоа, научниците велат дека во одредени региони на планетата немало луѓе, а таму каде што, имаат сигурни докази велат дека луѓе имало, но во многу мал број. Оваа констатација е делумно точна. Луѓето си постоеле на Планетата Македониа од секогаш, дури од времето на диносаурусите и во голем број низ целата Планета Македониа. Докази во вид на писмо кирилица и латиница, геометриски симболи напишани на камен и земја во вид на лигатури, и реалистички и апстрактни цртежи на животни и луѓе, во најнепристапните предели како пустини и планини, конзервирани од условите кои владеат во тие региони со милиони години. Писмени докази постојат, но материјални докази како коски од човек до сега не се пронајдени, што не значи дека нема да се најдат. Одговорот е едноставен и логичен. Да посочиме на еден пример од поблиско историско минато: На денес таканаречената територија Америка живееле милиони крда бизони. Тие животни се уништени од белиот човек за многу краток времнски период, а сега се сведени на работ на исчезнување. За постоење на тие огромни количини на бизони во Америка немаме никаков материјален доказ. Тоа е така поради фактот дека бизоните не биле покриени со земја за да бидат конзервирани. Коските од заботот на временските услови, оставени на површината на земјата биле изронети и уништени.

Ваков сличен случај е со Македонците од камениот период. Според македонското научно сознание и верско убедување за неуништивоста на материјата и реинкарнацијата на човечката душа, тие своите починати сограѓани ги палеле на посебно направена

клада или ломача. Кладата претставува енергија-оган за ново создавање-реинкарнација. Тој гори на површината на Планетата Македониа, за пренос на материјалната енергија кон сонцето. Овој обред, палење клада во чест на покојникот е симбол на љубовта кон огнот и Бог сонце. Кладата се грижи за душата на покојникот да пристигне во рајот Македонија во вселената. Кладата е сметана  за самовила, самовила ЛАДА. Со сите бои на оганот, русокоса, црвена, светло сина и бела како светлината на денот и студот на снегот и ледот. Лада е златокоса Планета Македониа, покриена со снег во зимата, а во раната пролет златокоса со венец од цвеќиња на главата. Лада, Ладо, Ледо е името на Планетата Македониа покриена со снег и лед во зима, од денот 22-ри декември, кога се паleле жртвени огнови - КЛАДА, каде се принесувало храна и вино, за реинкарнација на истите во пролетта и крајот на летото. Таа е заштитничка на бракот, љубовта и младешката невиност.

Македонците ја палат кладата три дена, сè до 25-ти декември. Со клада и принесената жртва на Планетата Македониа, се стимулира Планетата Македониа да направи привиден наклон од созвездието змија-аждер, кон созвездието крст. На Планетата ѝ требаат три дена да се одлучи. Третиот ден решава да се наклони кон созвездието крст, што ќе допринесе да се намали должината на ноќта, а да се зголеми должината на денот, наречено младо сонце, ЛОМ (сончев зрак) или Зет.

Со денот 25-ти декември започнува македонската Нова година, се повторува или реинкарнира годишниот циклус од 12 месеци. На 22-ри октомври умира најдолгата ноќ. Тоа е старото сонце наречено Тешт. Три дена имаме сонцестоење. Третиот ден на 25-ти декември се раѓа новиот ден, кој се зголемува. Тој ден се раѓа младото сонце наречено Зет. Младото сонце се нарекува и ИС, Р’С, РИС, КР’С, КРИС, во христијанството се нарекува ИСУС.

Планетата Македониа кружејќи околу Сонцето прави привиден наклон, всушност, косината на Планетата е иста во однос на кружницата околу Сонцето, само поради местоположбата на Планетата во однос на изминатото време (месеци), во тој случај Сонцето ја осветлува поинаку, формирајќи четири годишни периоди. На овој начин Сонцето и Планетата го исцртуваат симболот „X“, и привидниот наклон од созвездието аждер до крајната точка на созвездието крст го формира симболот „X“ или двете најоддалечени оски ја формираат краткоденицата 22-ри декември и долгоденицата 21, 22-ри јуни.















**Бранко Сотировски**

[1] Извадок од книгата „Зета Македониа“ страна 380.